# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН

# НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## за периодот 2024 – 2027 година

*Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Гази Баба во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.*
*Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.*
*Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.*

Почитувани,

Ви претставувам план кој ќе треба да донесе уште поголем развој и унапредување на квалитетот на живот во општина Гази Баба. Визијата за креирање на Интегриран локален развоен план настана како одговор на потребите, предлозите и иницијативите кои ги дава граѓаните изминатиов период и оние кои потекнуваат од мене како Градоначалник и стручните служби во општината. Како градоначалник на општина Гази Баба, со овој документ се обврзувам овој ИЛРП да го реализирам посветено и во соработка со Вас и граѓаните.

Општината Гази Баба е општина со огромен потенцијал, кој јас како градоначалник го согледав и заедно со мојот општински тим, преку земање во предвидет на сите потенцијали и давање приоритет со изработка на повеќе стратегии и проекти инкорпорирани во ИЛРП и модерен план и визија, ќе создадеме предуслови за уште поголем и подобар развој на општината Гази Баба.

Но, ние нема да застанеме тука, ќе работиме и понатаму, ќе ја менуваме општина Гази Баба, затоа што треба да работиме и за генерациите кои допрва доаѓаат во општина Гази Баба.

Си поставивме цели и приоритети чие реализирање ќе ја потврдат нашата визија.

Нашата визија е создавање еднакви услови за живот на сите сограѓани, без разлика на местото на живеење. Со заштитата на животната средина која во глобални рамки е приоритет меѓу приоритетите, развој на модерна инфраструктура до сите населени места во општината и развојот на туризмот како трудоинтензивна дејност, преку валоризација на туристичките потенцијали, со зачувување и истакнување на културно историските вредности, традицијата и природните потенцијали, ќе креираме предуслови за нови работни места, намалување на невработеноста и отворање на општината и кон останатите граѓани од државата, Европа и светот.

Ви подавам рака за посветла иднина во развиена општина Гази Баба.

Со почит,

м-р Бобан Стефковски

## СОДРЖИНА


**I. ВОВЕД ... 1**

1.1 Профил на општина Гази Баба ... 1

1.2 Цел на ИЛРП ... 4

**II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП ... 4**

**III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ... 5**

**IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА ... 6**

**V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА ... 14**

**VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА ... 14**

**VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ ... 16**

**VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ... 17**

8.1 Програма за урбано планирање ... 23

**IX. БУЏЕТ НА ИЛРП ... 1**

**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА ... 1**

**АНЕКС 2: ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ ... 29**

**АНЕКС 3: ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА ... 32**

**Изработен од:**
Невенка Стаменковска Стојковски – секретар на општина Гази Баба
Никола Јовановски – раководител на сектор
Митко Аџикотарев – раководител на одделение
Мариела Христова - раководител на одделение
Александра Спасеска – советник

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профилна општина Гази Баба

Името на Општина Гази Баба доаѓа од тогаш познатиот османлиски поет Ашик Челеби наречен „Гази Баба“ кој живеел во периодот на XVI век и, меѓу останатите места, служел како „кадија“ во Скопје. Неговото турбе кое се наоѓало во оваа општина е оштетено од Скопскиот земјотрес од 1963 г. и останало во урнатини.

Просторот на кој се протега општината, со своите географски и стратешки обележја, се среќава низ речиси сите епохи.Откривањето на археолошкото наоѓалиште Тумба Маџари од младото камено време (неолит), укажува на фактот дека на овие простори се живеело и се творело од самиот почеток на човештвото. Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена, кои во современото живеење на Општина Гази Баба стануваат дел од идентитетот и симболите на општината.

Подоцна низ вековите, територијата на која се протега денешната општина била препознатлива и како место кое изобилува со верски објекти и богати извори на вода.

Од современата историја на Општина Гази Баба за одбележување е повторното нејзино формирање на 3 ноември 1976 година, со што станува конститутивна организациона единица на градот Скопје. Од тогаш тој ден претставува патронен празник на општината.

Со осамостојувањето на Република Македонија Општина Гази Баба станува дел од главниот град на земјата и негова комуникациска и сообраќајна порта.

**<u>Географска положба:</u>**

Општина Гази Баба се наоѓа во северниот дел од Република Македонија и се простира во источниот дел на скопската котлина и на градот Скопје. Општината зафаќа површина од 92 км2. Најниското населено место е с.Трубарево со 225 м.н.в, а највисоката точка во Општината е на 1.626 м.н.в. Скопската котлина, во чии граници се наоѓа и територијата на општина Гази Баба, се наоѓа во северниот дел на Република Македонија, во горниот тек на реката Вардар, и се протега од 410 42' до 420 21' северна географска ширина и од 180 45' до 190 29' 30” источна географска должина. Дното на котлината во источниот дел е на 225 м.н.в., а во западниот дел на 340 м.н.в. Највисоката точка се наоѓа на јужната страна, на врвот Мокро на Јакупица и е со 2.540 м.н.в.

Општината Гази Баба на северозапад се граничи со скопската општина Бутел, на запад со општините Чаир и Центар, на југ со општините Кисела Вода и Аеродром, на југоисток со општина Петровец, а на исток со општините Илинден, Арачиново и Липково. Пречникот на простирање на Општината во правец исток-запад изнесува 10 км, а во правец север-југ 15 км.



*Територија на општина Гази Баба*

ИЛРП на општината Гази Баба е производ на сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, во сектори и области кои се поврзани со буџетскиот процес и со кои се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Планот е подготвен врз основа на длабока анализа за потребите на општината, вкрстена со потребите и барањата на граѓаните, како и низ соработка и партнерства со сите чинители во општината Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за реализација на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

**Организациска структура на општина Гази Баба**

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 27 советници од кои што 16 се мажи, а 11 се жени. Претседател на Советот на општината, на почетокот беше избрана жена, која стана пратеник во Собранието на РМ и на нејзино место дојде маж. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Гази Баба и таа е организирана во 10 Сектори со 25 одделенија. Последната организациска структура е донесена со одлука на Советот по направена функционална анализа во 2022 година која што е одобрена и од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и истата е составена од: Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности, Сектор за правни и општи работи, Сектор за финансиски прашања, Сектор за урбанизам и градежно земјиште, Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај, Сектор за заштита на животната средина и природата, Сектор за ЛЕР и европска интеграција, Сектор за инспекциски работи – Инспекторат, Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија и Сектор за внатрешна ревизија.

| Вработени во Општина Гази Баба по пол | Бројнажени | Бројнамажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупновработенивоопштинскаадминистрација | 60 | 37 | 97 |
| Раководителинасектор (од 10 сектори, 5 се пополнети) | 2 | 3 | 5 |
| Помошникраководителнасектор (од 8 сектори, 2 се пополнети) | 1 | 1 | 2 |
| Раководителинаодделенија (од 25 одделенија само 13 се пополнети) | 9 | 4 | 13 |

Табела за вработени во Општина Гази Баба по пол:

ВоОпштинаГази Бабавкупниотбројнавработенииизнесува 97лица. ПодатоцитеодТабелата покажуваатдекабројотнавработенижени е поголемвоодноснамажи (60% жени, 40% мажи). Кај раководителитенасекторбројот на жени е помал, односно само 2 се жени, а 3 мажи, додека пак кај помошник раководителите се подеднакво распределени односно 1 мажи и 1 жени. Кај раководителите на одделенијата бројот на жени е двојно поголем од бројот на мажи, односно 9 се жени, а 4 мажи. Она што може да се забележи од организациската структура е дека голем број од раководните позиции особено во одделенијата не се пополнети (од 25 одделенија, само 13 имаат раководител). Ваквото нагласување на родовата димензија преку користење на податоци разделени по пол ја демонстрира посветеноста на општината кон транспарентност и создавање на рамноправни услови.




**Слика бр.1 – Организациска структура на општина Гази Баба**

### 1.2 Целна ИЛРП

ИЛРП на општината Гази Баба е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност. Планот е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Гази Баба е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови**изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1 се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| Чекори | Период на спроведување |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлуканаградоначалникотзапочетокнапроцесотнапланирање | Јуни, 2023 |
| Чекор 2 – Формирањенатимзапланирањеналокалниотразвој | Јуни, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирањеназасегнатитестрани | Јули, 2023 |
| Чекор 7 –Собирањеподатоцизаанализата на туристичките потенцијалии туристичката инфраструктура, управување со водите и управувањето со отпадните води | Август, 2023 |
| Чекор 8 –Изработка на туристичките потенцијалии туристичката инфраструктура, управување со водите и управувањето со отпадните води | Септември, 2023 |
| Чекор 9 – Формирање и подготовказаработанатематскитеработнигрупи – организирањепокани и подготовказасостаноцинаработнигрупизатематски SWOT анализи | Октомври, 2023 |
| Чекор 10 – Подготовканаконсолидиранитематски SWOT анализи и извештаиодтематскитеработнигрупи и интегрална SWOT анализа | Октомври, 2023 |
| Чекор 11 – Подготовканапрви и консолидиранинацртина ИЛРП (визија, стратешкицели, критериумизаприоритизација, цели на програмите, приоритетнимеркинапрограмите, активности и проекти, буџет и планзамониторинг и евалуација) | Октомври 2023 – Август 2024 |
| Чекор 12 –Презентирањенанацртот ИЛРП соцелобезбедувањеповратниинформации и коментари | Септември 2024 |
| Чекор 13 –Подготовканапред-финалниотнацртна ИЛРП одобренодградоначалникот | Октомври 2024 |
| Чекор 14 –Презентирањенапред-финалниотнацртна ИЛРП доСоветотнаопштинатазадискусија и одобрување | Октомври-Ноември 2024 |
| Чекор 15 – Објавувањенафиналнатаверзијана ИЛРП | Ноември-Декември 2024 |

ИЛРП на општината Гази Баба е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општина Гази Баба, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики; и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општина Гази Баба е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години).

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Гази Баба со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Гази Баба особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021– 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021–2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021 – 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 – 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Македонија 2021–2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018–2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];

---

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 –2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019–2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018–2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016–2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022–2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022–2026 година[18];
- ✓ Стратегијазаобразование 2018– 2025 година[19];
- ✓ ФискалнастратегијанаРепубликаМакедонија 2022 –2024 година (соперспективадо 2026 година)[20];
- ✓ Програмазареформиводуправувањетосојавнитефинансии 2022– 2025 година[21] и
- ✓ Другиповеќегодишнинационалнистратегии и плановикоисеповрзанисоделокруготнанадлежноститенаопштините и севофазанаподготовкаилисепланиранизаажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки докуемнт во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината и секако се направи усогласување со документи кои се донесени на ниво на Град Скопје и Скопски плански регион:

- Локален Еколошки Акционен План на Општина Гази Баба 2020-2026;
- Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба 2020-2025;
- Стратегија за управување со ризиците на Општина Гази Баба 2022-2025;
- Подстратегија за рурален развој на на Општина Гази Баба2020-2025;
- Фискален капацитет на Општина Гази Баба 2010–2019;
- Стратегија за развој на туризмот на на Општина Гази Баба;
- Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022;
- План за подобрување на квалитетот на амбентниот воздух во аголемарација Скопски регион;
- Краткорочен акционен план за подобрување на квалитеот на амбиентниот воздух во агломерација Скопски регион, и др.

# IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Гази Баба. На тој начин е воспоставена информациска и

---

[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20] https://finance.gov.mk/
[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски – економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Бројот на жители во одредени населени места се намалува, а во дел се золемува;<br>➢ Карактеристично е тоа што за разлика од други места, бројот на жители по селата многу малку варира;<br>➢ Наталитет е помал од морталитетот. | ➢ Нови мерки за стимулирање на наталитетот;<br>➢ Намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетно живеење. |
| ➢ Половата структура е речиси во баланс. | ➢ Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост. |
| ➢ Има тренд на зголемна едукација на населението, со постојаното зголемување на лицата кои завршуваат различен степен на образование. | ➢ Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување;<br>➢ Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности кои што ќе бидат подеднакво прилагодени на потребите за економска активност на мажите и жените |

| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУД** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Невработеноста е поголема кај лицата над 50 години, кои во поголемиот број случаи се лица кои останале технолошки вишок при затворањето на голем број на фабрики;<br>➢ Голем број од невработените лица не се ниту активни баратели на работа;<br>➢ Загрижува и образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и непотполно средно образование се 68% од нив.<br>➢ Поголемиот број од невработените лица се жени | ➢ Поддршка во преквалификување на невработените лица.<br>➢ Потребно е креирање на мерки кои што ќе ги активираат жените и маргинализираните групи на граѓани на пазарот на трудот |

| ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Бројот на активни компании е голем<br>➢ Голем е бројот и на жители од општина Гази Баба кои работат во овие компании<br>➢ Најголем дел од компаниите се раководени од мажи управители | ➢ Да се продолжи со подобрување на деловната клима за отварање на нови бизниси<br>➢ Да се развијат поттикнувачки мерки за жените-основачки и раководителки на сопствени фирми и компании |
| ➢ Не се искористени можностите на индустриските зони | ➢ Да се продолжи со спроведување на плановите за развој на индустриските зони |
| ➢ Голем број на сместувачки и угостителски објекти | ➢ Да се продолжи со нудење на истите услови за сите со цел да се зголемува бројот на ваквите локали |
| ➢ Постои солидна атрактивна ресурсна основа за развој на повеќе видови на туризам | ➢ Потребна е валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите |
| ➢ Туристичката промоција е на ниско ниво | ➢ Потребни се повеќе активности со цел поголема туристичка промоција во која што промоција ќе бидат подеднакво вклучени и мажите и жените како и маргинализираните групи на граѓани |
| ➢ Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но последните години присутна е тенденција на намалување на обработливоста;<br>➢ На местата каде до пред некоја година имаше многу земјоделски посеви сега се претвараат во мали индустриски капацитети<br>➢ Мал број на жени регистрирани како индивдуални земјоделки | ➢ Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини<br>➢ Поддршка за жените земјоделки кои се јавуваат како носителки на семејните земјоделски стопанства |
| ➢ Намалување на производството на поледелските култури | ➢ Преземање дополнителни мерки за подобрување на производството<br>➢ Активни мерки за привлекување на младите да се занимаваат со различни видови на производство на храна |
| ➢ Сточниот фонд во опаѓање, како по број, така по видови | ➢ Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување |
| ➢ Недоволна искористеност на шумските потенцијали | ➢ Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и во меѓугрански поврзаност со други дејности |

| АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Во рамки на општина Гази Баба, донесени се голем број на ДУП-ови за различни места во рамки на Општината;<br>➢ Има донесено ГУП за територијата на град Скопје иопштини кои спаѓаат под Градот и во тел е подготовка на нов ГУП;<br>➢ Во постапка е носењето на урбанистичка планска документација за повеќе населени места вон опфат од градот. | ➢ Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места. |
| ➢ ЈКП е во постапка на изградба на водоводни системи во населените места во руралниот дел | ➢ ЈКП да продолжи со работа на водоводниот систем воруралниот дел на општината. |

| | |
|---|---|
| на општината (урбаниот дел е во надлежност на Водовод– Скопје), а дел каде е завршена е во постапка за превземање и наплата на услугите | |
| ➢ Во урбаниот дел на општината има канализациони системи но истите не се доволни со оглед на големиот број на издрадени станбени единици на територијата на општината (истите се во надлежност на Водовод– Скопје);<br>➢ Во руралниот дел, во фаза се на изградба неколку канализациони системи. | ➢ Потребно е санирање на дел од постоечките канализациони мрежи кои се во надлежност на Водовод– Скопје;<br>➢ Изградба на канализациони системи во руралниот дел на опшината како и изградба на пречистителни станици онаму каде за тоа има можност. |
| ➢ Дел од патната инфраструктура е веќе оштетена и истата е во надлежност на град Скопје;<br>➢ Локалните патишта претежно во руралниот дел се во фаза на реконструкција. | ➢ Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица.<br>➢ Изградените патишта и улици треба да ги задоволуваат потребите и на жените и маргинализирани групи на граѓани од аспект на пристапност, осветлување и сл. |
| ➢ Се уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | ➢ Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија. |

| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
|---|---|
| Општикарактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Зголемен број на баратели на еднократна парична помош | ➢ Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица приматели на социјална помош |
| ➢ Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на пречки во развојот на лицата | ➢ Воведување на мерки за постојана парична помош, односно личен асистент кај семејстата кои имаат член со пречки во развојот |
| ➢ Недоволна активност на невладините организации | ➢ Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| ➢ Оформена листа на чекање во градинките | ➢ Потреба од отворање на нови градинки |
| ➢ Се поголем број на деца со пречки во развојот | ➢ Потреба од отворање згрижувачки капацитети за деца со посебни потреби |
| ➢ Недоволен број на отворени терени за најмладите во руралните средини | ➢ Да се зголеми бројот на игралишта за деца/фитнес зони, спортски сали со посебен акцент во руралните делови |

| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Недостигнапостојаниподатоцизаквалитетнаа мбиентенвоздух | ➢ Анализанаможностазанабавканадополнителнамонито рингстаницаилидругиуредизаследењенаквалитетотнаа мбиентниотвоздух |
| ➢ Недостигнапланскидокументизауправувањес оквалитетотнавоздухот | ➢ Изработка и усвојувањенаПланзаквалитетотнавоздух, односно активно учетсво во работна група при изработка на Планот од страна на Град Скопје |
| ➢ Непостоењенапречистителнастаницазатретма | ➢ Поддршканатехничкитеслужбиприизградбанаколектор |

| | |
|---|---|
| ннаотпаднитеводи | скиотсистемзаурбаниотпадниводинаГрадСкопје и поддршкаприподготовканатехничкадокументацијазаизградбанапречистителнатастаницазаурбаниотпадниводи (ПСОВ) наГрадСкопје;<br>➢ Изградба на пречистителни станици она,у каде нема можност за приклучок на ПСОВ на ГС. |
| ➢ Недоизграденост на атмосферска и фекална канализација во руралните во одредени делови на општината и постоење на септички јами | ➢ Подготовка на техничка документација за изградба на систем за атмосферска и фекална канализација;<br>➢ Доизградба на фекалната и атмосферска канализација во урбаниот дел;<br>➢ Одделување на атмосферската од фекалнатаканализација во областите каде има мешање. |
| ➢ Недоволна искористеност на подземните води за полевање на зелените површини во Општина Гази Баба | ➢ Евидентирање на постојните бунари за јавна употреба;<br>➢ Реализација на активности од Физибилити студија за користење на бунари за полевање на јавни површини во соработка со Град Скопје;<br>➢ Подготовка на техничка документација за изградба на бунари за техничка вода за полевање на зелените површини;<br>➢ Изградба на бунари за техничка вода за полевање на јавно зеленило во општината. |
| ➢ Постоење на диви депонии во општината | ➢ Реализација на јавна кампања за соодветно одложување на отпадот кој се создава во руралниот и урбаниот дел на Општина Гази Баба и заканите по здравјето на луѓето и животната средина од несоодветно одложување на отпад;<br>➢ Подготовка на План за затварање на дивите депонии (ѓубришта) и нивна ревитализација;<br>➢ Изградба на собирни центри за отпад. |
| ➢ Исфрлање на отпадот од септички јами во отворени канали и управување на овој отпад на несоодветен начин | ➢ Анализа на можности за елиминирање на користењето на септички јами и приклучок на фекална канализација каде што е достапна;<br>➢ Изработка на катастар на септишки јами;<br>➢ Зајакнатаинспекциskaконтрола;<br>➢ Воспоставувањесоработкасокомпаниитекоивршатуслугинапразнењенасептичкитејами и укажувањенапоследицитеоднесоодветноуправувањесоотпадотодиститепоздравјетоналуѓето и животнатасредина |
| ➢ Недостатокнаадминистративенобученкадарвоопштинатазауправување и мониторингнасостојбатасоотпадотвоопштината | ➢ ЗајакнувањенаадминистративнитекапацитетитевоОпштина Гази Баба при тоа внимавајќи и на родовиот баланс во едукацијата и ангажманот |
| ➢ Недостигнаточни и прецизниподатоцизаизворинабучаванатериторијатанаопштината | ➢ Донесеноопштинскиакцискипланзасправувањесобучава, врзоснованаСтратешкатакартанабучаванаГрадСкопје;<br>➢ Изработканамапанаизворинабучава. |
| ➢ Зголеменстепеннадеградирањенашумите и неконтролиранасечанашумитеособенонаподрачјетонаСкопскаЦрнаГора | ➢ Противерозивнопланирање и противпоројноуредувањенакористењетоназемјиштето;<br>➢ ПодготовканаПланзапошумувањенаеродираноземјиште и голини; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Организирањенаакцизапошумувањенаеродиранозем јиште и голининаСкопскаЦрнаГора |
| ➢ Непостоењенасистемнапредупредување и алармирањенакатастрофалниатмосферски и климатскипромениниванивонаГрадСкопје и Општина Гази Баба<br>➢ Немање на посебни мерки за јакнење на отпорноста на локалното население кон климатските промени | ➢ Подготовканатехничкадокументацијазавоспоставувањ енаинфраструктуразапостапувањеодноснопредупреду вање и алармирањенакатастрофалниатмосферски и климатскипромениниванивона Општина;<br>➢ Зајакнувањеналокалнитекапацитети, способности и ресурсизанамалувањенаризицитеодкатастрофи и зајакнувањенаотпорност<br>➢ Јакнење на отпорноста на жените кон климатските промени како една од ранливите групи на граѓани заедно со маргинализираните групи на граѓани |
| ➢ Несеземаатпредвидсовременитесознанијазав лијаниетонаначинотнаурбанистичкопланира њеврзприродата, климатскитепромени, топлотниострови, одржливсообраќај, нитупаксеземаатпредвидстудиитеизработени нанационалнониво | ➢ ВградувањенафеноменотнаклиматскитепроменивоСтр атегијатазалокаленекономскиразвој со родова перспектива<br>➢ Планирањенапросторотсоприменанамеркизаублажува њенаклиматскитепромени и минимизирањенавлијанетоодтополотнитеостровивора мкинаопштината;<br>➢ Воведувањенапрактикитенанамалувањенаризицитеод катастрофи и климатскиризицивоурбанистичкитепланови и другитесекторскистратегии, програми и планови. |

| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ ПС Автокоманда, на шест месечна основа доставуваше извештаи за безбедноста и сигурноста во општина Гази Баба до Советот на Општината, последните години тоа не е случај (последниот доставен извештај е за јули- декември 2021 година) | ➢ Враќање во пракса 6 месечното известување на ПС Автокоманда |
| ➢ Територијата на општина Гази Баба е многу голема а Општината се покрива со една централна полициска станица во Автокоманда која е и за дел од општините во град Скопје и локална канцеларија во населено место Стајковци | ➢ Враќање на позорниците во служба на полициската станица со цел подобра покриеност на Општината<br>➢ Поголем број на полицајци на терен заради поголема безбедност и сигурност на жените, децата и лицата со попречености |

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Општинскиот развоен тим организираше тематски состанок со засегнатите страни на теми поврзани со заштитата на животната средина и локалниот економски развој. Извештај од тематскиот состанок заедно со табели на тематски SWOT анализи е приложен како АНЕКС 2 на ИЛРП.

Во продожение во табела 3, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| ➢ Стратешка локација на Општината Гази Баба како порта на главниот град;<br>➢ Релативно средената патна инфраструктура која нуди големи можности;<br>➢ Општината се наоѓа во непосредна близина на скопскиот аеродром;<br>➢ Низ општината поминува модерен автопат и дел од Скопската обиколница;<br>➢ Железничката пруга за Србија и Грција, со станици кај Маџари и Трубарево можат да се стават во функција на развој на туризмот преку употреба и на овој вид на транспорт;<br>➢ Искористување на неискористените природни убавини во Цреушевско Виничкиот регион со ставање во функција на сите околни селца (Близината на Скопската обиколница во овој дел од Општината, заедно со поволните климатските услови, овозможуваат развој на планинскиот и селскиот туризам кој во комбинација со развој на транзитниот туризам, би можел да даде поволни резултати за развој на туризмот;<br>➢ Зголемување на бројот на вработени во примарната и во секундарните и терцијалните дејности;<br>➢ За почеток има задоволителен број на сместувачки капацитети, но треба да се создадат уште поповолни услови за поттикнување на нови инвеститори за изградба на нови угостителски, хотелски и друг тип на сместувачки капацитети;<br>➢ Изработен е урбанистички план за туристичко рекреативен комплекс кај Смилковско езеро;<br>➢ Максимално искористување на поволностите кои ги нуди новиот аеродром (обновен и со зголемен капацитет), за искористување на неговите зголемени можности за опслужување на патниците, што значи и зголемен број на туристи низ Општината Гази Баба;<br>➢ Постоење на историски места од праисторијата и поновата македонска историја, кои овозможуваат развивање на туристичка | ➢ Општина Гази Баба уште не е позната како “brand name”, а нема ниту развиено стратегија за развој на туризмот во поголем размер како значајна гранка која би донела значителни бенефити за самата Општина;<br>➢ Лошата инфраструктура, односно врските до местата кои имаат потенцијал за развој на туризмот во нив (имаат природни, културни, историски и археолошки вредности);<br>➢ Слабото, односно не толку добро означените места вредни за посета од туристите, односно слабата покриеност со патокази и информативни табли за ориентација на туристите;<br>➢ Недостиг на санитарни чворови и лошо одржување на постојните, генерално е сликата за Македонија воопшто, односно впечатокот е дека низ сите автопатишта има недостиг од вакви санитарни чворови и затоа би било добро час поскоро создавање на таквите капацитети и менување на таквата слика и мислење;<br>➢ Дефицитот на спортски и рекреативни објекти (Гази Баба има можности за создавање и развој на вакви терени и објекти);<br>➢ Некоординираност на постојните видови на сообраќај (авионскиот со автобускиот, железничкиот со автобускиот и сл.), каде ги губиме потенцијалните транзитни туристи кои проаѓаат низ нашата Општина, но не се задржуваат;<br>➢ Во регионот уште не постои ниту туристички камп, односно место каде би се сместувале туристи кои ги интересира поинаков начин на сместување(кампери, бајкери и сл.), а потребен е и развој на евтин тип на капацитети за сместување: хостели, мотели и дури и искористување на потенцијалите на индивидуалниот смештај во селата, во летниот период студентскиот дом, средношколските домови Ранка Милановиќ и Партениј Зографски преку формирање на туристичко |

| | |
|---|---|
| приказна, односно разгледница привлечна за туристите;<br>➢ Постоење на споменици и изградба на нови спомен обележја (спомен соби на Борис Трајковски и на Гази Баба), како истакнати личности кои егзистирале во оваа Општина, а би побудиле интерес кај одредена таргет група на туристи);<br>➢ Вклучување на традиционалната храна и пијалок во туристичката понуда со што ќе ги ставиме во функција и потенцијалите на локалното земјоделие;<br>➢ Постоење на две високообразовни институции на подрачјето на Општина Гази Баба од областа на туризмот и можноста за соработка со истите при изработката на идните проекти за развој на туризмот во Општина Гази Баба) и формирање на здруженија за развој на туризмот и угостителството со јакнење на Општинските служби и капацитети и зголемување на заедничката соработка;<br>➢ Постоење на услужни дејности (такси, rent-a car, бензински пумпи и развој на угостителството преку мотивација за отварање и на други типови на угостителски објекти и услуга: мотели, ресторани, барови и ноќни клубови од отворен и затворен карактер, но преку зголемената соработка и контрола од страна на локалната самоуправа преку туристичко биро, т.е. нејзините стручни служби;<br>➢ Искористување на потенцијалите кои ги нуди градот Скопје и позитивната државна политика за развој на туризмот;<br>➢ Стратегијата за развој на туризмот од страна на Комитетот за туризам.<br>➢ 100% пристап до вода и електрична енергија на сите населени места;<br>➢ Добар пристап до одводен систем за отпадни води;<br>➢ Добар пристап до инфраструктура;<br>➢ Близина на идната просчистена станица;<br>➢ Изготвени основни проекти за изведба и изградба на фекална канализациона мрежа | биро кое ќе ги промовира и ажурира;<br>➢ Премалку едуциран персонал и преголема бројка на запослени луѓе без формално образование од туризмот, односно случајно вклучени во туристичкиот бизнис (непрофесионалци, без ентузијазам и осново познавање на културата во туризмот, а поготово недостиг на персонал кој според новите стандарди треба да владее по минимум два светски јазика);<br>➢ Недостиг на континуирана надоградба на актуелниот персонал во туризмот со нови знаења, вештини и начини на практикување на туризмот, односно што е новиот тренд во туризмот низ светските туристички метрополи);<br>➢ Недостиг на свест за превенција и одржување на физичките, културните и природните вредности во Општината Гази Баба;<br>➢ Недоволен број на специфични национални изворни туристички производи/ продукти;<br>➢ Слаба анимација на туристите;<br>➢ Недоволна координација на сместувачките капацитети со туроператорите;<br>➢ Старите вредности сеуште не се употребени и искористени како туристичка атракција.<br>➢ Не постои целосна покриеност со урбанистичка планска документација за сите населени места;<br>➢ Не се целосно превземени водоводните системи од страна на ЈКП „Комуналец";<br>➢ Застарени водоснабдителни системи;<br>➢ Немање на главна пречистителна станица;<br>➢ Постоење на септички јами;<br>➢ Нерегулирани речни корита во населени места;<br>➢ Немање на основни изведбени проекти за другите населени места. |
| **Можности** | **Закани** |
| ➢ Создавање на јавно – приватно партнерство за развој на одрживиот туризам;<br>➢ Големиот број на транзитни туристи кои поминуваат низ Општина Гази Баба;<br>➢ Интересот на туроператорите за Општината Гази баба и институционалните инвеститори за вложување во културата; | ➢ Политичките услови во Републиката и во регионот;<br>➢ Недоволната култура на однесување (свесноста) кон екосредината, културното наследство, потенцијалните туристички вредности и сл.);<br>➢ Недостигот на доволно финансиски средства |

| | |
|---|---|
| ➢ Примена на можностите и искористување за развој на алтернативниот туризам (еко, селски, планински, манастирски, спортски конгресниот туризам и сл.);<br>➢ Промовирање на локалното културно наследство;<br>➢ Подобрување на инфраструктурната поврзаност на туристичките места (со природно, културно, историско и археолошко вредност и значење);<br>➢ Поврзување и со другите држави во регионот и градови преку туристичка соработка;<br>➢ Ускладена промоција и (PR);<br>➢ Искористување на ЕУ средствата за развој на туризмот онаму кадешто има потенцијал;<br>➢ Подобрување и на правните регулативи и можности за развој на туризмот.<br>➢ Искористување на фондовите на ЕУ за инфраструктурни проекти;<br>➢ Искористување на грантови од МЖСПП за изградба на канализациони системи.<br>- Изготвен основен проект за изградба на канализациона мрежа за населеното место Јурумлери (4 фаза);<br>- Изготвен основен проект за изградба на канализациона мрежа за населеното место Гоце Делчев;<br>- Изготвен основен проект за изградба на прочистителна станица во населено место Црешево (поврзување на Црешево,Виниче и Страчинци). | за сочувување на историското и културно наследство;<br>➢ Недоволната комуникација меѓу државните и локалните институции од областа на туризмот и задолжени за неговиот развој, односно потребна е поголема координација меѓу органите кои го регулираат туризмот на сите нивоа;<br>➢ Ограничен општински Буџет и недоволното издвојување на средства за развој на туризмот;<br>➢ Смалување на вложувањата и активностите и интересот за вложување во туризмот (воопшто во регионот);<br>➢ Нерешени имотно правни проблеми и лоша експропријација;<br>➢ Немање доволно финансиски средства за реализација на основните проекти. |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА

Визијата на Општина Општина Гази Баба е да се изгради високо ниво на квалитетен живот сона сите граѓани во општината без разлика дали живеат урбан или рурален дел. Тоа ќе го обезбеди преку преку воспоставување одржливо управување со ресурсите и синергетските ефекти од инвестициите во комуналната инфраструктура, развојот на туризмот и туристичките понуди, зелената инфраструктура, одржливата економија, промоцијата на културата, спортот и образованиeто.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели произлегуваат од визијата за развој на општината Гази Баба и се однесуваат на идентификуваните и споредбените предности на општината, истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити.

Стратешките цели се дефинирани согласно надлежностите на општината пропишани со Законот за локалната самоуправа и другата законска регулатива:

***Образование***

- Обезбедување инклузивно, интегрирано и квалитетно основно образование во функција на забрзан социоекономски развој на општината преку изградба и реновирање на образовните објекти и изградба на спортски сали во училиштата.
- Изградба на минимум една училишна зграда со капацитет за 700 ученици до крајот на 2026 година и две училишни спортски сали.
- Во сите инфраструктурни интервенции ќе се применува родово сензитивен пристап, со посебен акцент на создавање услови кои ги задоволуваат потребите на девојчињата, момчињата и учениците со попречености.

*Социјална заштита и заштита на децата*

- Унапредени услуги за социјална заштита и заштитата на децата преку зголемен опфат на деца во детски градинки за 20%, изградба на нови детски градинки, отворање на нови дневни центри за лица со попреченост, отворање на сензорни соби во сите ОУ на територија на општина Гази Баба.

*Локален економски развој и развој преку културата*

- Овозможување на развој на општината преку одржливо управување со туризмот, културното и природно наследство преку зголемен број на културни манифестации за 20%, промоција на културно историското наследства во општината и изградба на планинарски дом на Скопска Црна Гора.
- Конкурентна економија и одржлив економски раст со висок квалитет на живеење и здрава животна средина.
- Да се подобрат и унапредат условите за живеење во ОГБ; да се прошири и диверзифицира економската база во Општината преку зголемување на нивото на инвестиции и понатамошен развој на општинските развојни зонида се создаде интегрирана локална заедница.

*Спорт и рекреација*

- Унапредување на спортот и рекреацијата во општината преку промовирањена здрав начин на живот, обезбедувајќи можности за учество на мажи, жени, момчињата и девојчињата и лицата со попречености, трансформирање на спортските објекти во енергетски ефикасни објекти, изградба на спортски зони за рекреација, изградба на спортски терени, изведба и трасирање на пешачко велосипедски патики во планинскиот предел на Скопска Црна Гора.
- Во месец ноември 2023 година креирани се нови 5 патеки на Скопска Црна Гора од Раштак, Булачани, Црешево и Виниче. Патеките имаат и GPX записи со што можете да ги најдете на профилот на https://www.wikiloc.com/wikiloc/user.do?id=12246627. Бележењето на патеките ќе продолжи во иднина.

*Комунални дејности*

- Унапредување на квалитетот и зголемување на опфатот на население со комунални услуги преку обнована 30% од мрежата за одведување на отпадни води со стремеж за остварување на 100% покриеност на општината со мрежа за одведување на отпадни води.
- Завршување на подготовката на техничката докуменатција за изградба на пречистителна станиза за населени места Црешево, Виниче и Страчинци.

- ✓ Изградба на пречистителна станица за населени места Црешево, Виниче и Страчинци. Поврзување на останатите населени места со постоечките вакум прочистителни станици и главната пречистителна станица на Скопје.
- ✓ Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица.
- ✓ Подготовка на техничка документација и изградба на бунари за техничка вода за полевање на зелените површини
- ✓ Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци

*Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште*

- ✓ Унапредување и подобрена подготовка на изготвени урбанистички планови во кои ќе можат да се вклопат сите проекти предвидени во буџетот и во развојните програми.
- ✓ Понуда на просторни услови за развој на станбено - резидентни, образовни, деловни, индустриски, рекреативно – спортски градби, како и градби за развој на културата и уметноста.

*Заштита на животната средина и природата*

- ✓ Континуирано инвестирање во заштитата на животната средина преку зголемување на средствата во проекти за таа намена. Дел од проектите ќе произлегуваат од Катастарот на загадувачи, Катастарот на зеленило иЛокалниот акционен план за животна средина.
- ✓ Изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на фекалните и атмосферските води
- ✓ Намалување назагадувањето на воздухот од индустриски и други загадувачи, унапредување на мониторинг системот за следење на квалитетот на воздухот, уредување на рекреативно – излетнички центар, подготовка на стратешка карта за бучава и заштита на земјоделското земјиште од пренамена во градежно земјиште

*Родова еднаквост*

- ✓ Поднесените и усвоени развојни програми ќе бидат родово сензитивни.
- ✓ Информирање, едукација и подигнување на јавната свест кај локалното население за еднаквите можности на мажите и жените
- ✓ Воспоставување на родово сензитивни и одржливи политики и пракси кои што ќе допринесат кон постигнување на еднакви можности и овозможување на квалитетен живот за жените и мажите, девојчињата и момчињата

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Сите развојни предизвици на општината Гази Баба не можат да се решат во еден циклус од четири години. Оттаму, во процесот на планирање и низ консултации со сите чинители и засегнати страни во општината направен е следниов редослед на приоритети.

Најгорливите предизвици во моментот во Општината се недоволна искористеност за туристичките потенцијали на Општината како и недостаток и недоволна покриеност на Општината со

мрежа за одведување на отпадни води и атмосферска канализациона мрежа. Изнаоѓајќи начин за решавање на овие два предизвика, ќе се олесни целокупниот живот на населението во Општината.

Истотака, од приоритетно значење е да се создадат поволни услови за одржлив економски развој прекусоздавање на поволна инвестициона клима и отварање на нови работни места; зајакнување и промовирање на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор; искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам. Од подеденакво значење за општината Гази Баба е и континуираното развивање на образовниот процес во основните училишта, развојот на културата, унапредувањето на превенцијата и услугите во примарната здравствена заштита, понатамошен развој на спортот и заштита на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината. Притоа, како области кои се приорите за развој се издвојуваат: комуналната инфраструктура; јавните услуги со фокус на основното образование и севкупниот локаленекономски развој и рурален развој.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

